# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 78 став 4 од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2005, 81/2008, 20/2009, 57/2010, 17/2011, 148/2011, 69/2013, 43/2014 и 158/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.12.2014 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЛАБОРАТОРИСКИ АНАЛИЗИ И ТЕСТОВИ

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на надоместокот за вршење на лабораториски анализи и тестови во Државната фитосанитарна лабораторија.

### Член 2

Висината на надоместокот за вршење на лабораториски анализи и тестови во Државната фитосанитарна лабораторија, по тип на анализа, користен метод, по еден примерок со еден организам со вклучен данок на додадена вредност изнесува:

1) Дијагностицирање на бактерии во растенија и растителни производи според официјалните EPPO протоколи, IF тест, ELISA - 850,00 денари;

2) Изолација и дијагностицирање на габи и бактерии на хранлива подлога во растенија и растителни производи - 1.080,00 денари;

3) Дијагностицирање на вируси, вироиди и организми слични на нив во растенија, семе и растителни производи според официјалните EPPO протоколи, ELISA метод - 810,00 денари;

4) Дијагностицирање на нематоди во растенија, семе, почва и субстрат според официјалните EPPO протоколи - 490,00 денари;

5) Изолација и дијагностицирање на инсекти во растенија, семе, растителни производи и почва според официјалните EPPO протоколи, метод на микроскопирање - 370,00 денари;

6) Молекуларна дијагностика на фитоплазми во растенија според официјалните ЕРРО протоколи (PCR - екстракција на ДНК и тест) – 2.200,00 денари;

7) Молекуларна дијагностика на нематоди и бактерии во материјал од растително потекло според официјалните ЕРРО протоколи (PCR екстракција на ДНК и тест) – 2.770,00 денари;

8) Анализа на резидуи од пестициди во храна од растително потекло - 4.835,00 денари и

9) Анализа на активна супстанца во производи за заштита на растенијата – 6.645,20 денари.

**Член 3**

Висината на надоместокот за вршење на лабораториски анализи и тестови во Државната фитосанитарна лабораторија, по тип на анализа, по број на примени примероци и количество на партија со вклучен данок на додадена вредност изнесува:

1) Испитување квалитет на семе кај растенија по количество на цела партија:

- кај житни растенија со количество од 12.501 kg до 25.000 kg - 2.000,00 денари;

- кај градинарски растенија со количество од 5.001 kg до 10.000 kg – 2.200,00 денари;

- кај фуражни растенија и репа со количество од 5.001 kg до 10.000 kg – 2.100,00 денари и

- кај маслодајни и влакнодајни растенија со количество од 5.001 kg до 10.000 kg - 2.100,00 денари.

2) Испитување квалитет на семе кај растенија по количество на половина партија или помалку од половина:

- кај житни растенија со количество од 1 kg до 12.500 kg - 1.350,00 денари;

- кај градинарски растенија со количество од 1 kg до 5.000 kg - – 1.500,00 денари;

- кај фуражни растенија и репа со количество од 1 kg до 5.000 kg – 1.400,00 денари и

- кај маслодајни и влакнодајни растенија со количество од 1 kg до 5.000 kg - 1.400,00 денари.

3) Испитување квалитет на семе кај украсни растенија и саксиско цвеќе – 3.000,00 денари.

4) Преиспитување квалитет на семе кај растенија по количество на цела партија:

- кај житни растенија со количество од 12.501 kg до 25.000 kg - 1.800,00 денари;

- кај градинарски растенија, со количество од 5.001 kg до 10.000 kg – 2.000,00 денари;

- кај фуражни растенија и репа со количество од 5.001 kg до 10.000 kg – 1.900,00 денари и

- кај маслодајни и влакнодајни растенија со количество од 5.001 kg до 10.000 kg - 1.900,00 денари.

5) Преиспитување квалитет на семе кај растенија по количество на половина партија или помалку од половина:

- кај житни растенија со количество од 1 kg до 12.500 kg - 1.200,00 денари;

- кај градинарски растенија со количество од 1 kg до 5.000 kg – 1.400,00 денари;

- кај фуражни растенија и репа со количество од 1 kg до 5.000 kg – 1.300,00 денари и

- кај маслодајни и влакнодајни растенија со количество од 1 kg до 5.000 kg - 1.300,00 денари.

6) Преиспитување квалитет на семе кај украсни растенија и саксиско цвеќе – 2.500,00 денари.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-11011/1
23 декември 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република Македонија,
м-р Зоран Ставрески, с.р.